*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Бр. 02-268/1*
*20.10.2015*
*Скопје*

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 20.10.2015 ја донесе следната

# *ОДЛУКА*
## *за доделување на титула*
## *ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)*
## *на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје*

1. На **проф. д-р Константино Мендес Реи**, Претседател на Политехничкиот Институт во Гуарда, Португалија, му се доделува титулата **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, за неговиот посебен придонес за развој на научната мисла и меѓународна афирмација на високото образование на Република Македонија.
2. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)** да се официјализира на Свечената седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, што ќе се одржи на 02.11.2015 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 20.10.2015, со голема почит кон достигнувањата и разновидната професионална кариера на **проф. д-р Константино Мендес Реи**, ја донесе одлуката како што е наведено во воведот на овој документ.

**Проф. д-р Константино Мендес Реи** е доктор по економски науки, на Факултетот за економија и менаџмент (ISEG - Instituto Superior de Economia e Gestão), Технички Универзитет во Лисабон, Португалија. Покрај неговата претседателска функција, д-р Реи е Координатор - професор по економија, на Школата за технологија и менаџмент, на Политехничкиот Институт во Гуарда, како и: истражувач во Одделот за истражување за Inland Development (UDI-IPG), член на Научниот Одбор за публикација на „Egitânia Sciência", член на Генералниот Совет за Националната Агенција за Квалификација и стручно образование и обука (Agência Nacional para a Qualificação e o Ensino Profeissional, I.P., ANQEP), член на Регионалниот советодавен совет на Професионалниот институт за вработување и обука, IP (IEFP – Instituto de Emprego e Formação Profissional), член на Националното комисија за мониторинг на технички професионални курсеви, член на Комисијата за надворешна евалуација на Пилот проектот за стручни курсеви, член на Техничката комисија за технолошки обуки, итн.

Во својата работна историја: **проф.д-р Константино Мендес Реи** ги има следните забележителни позиции:

- 2009-2010: Заменик- претседател на Политехничкиот Институт во Гуарда;
- 2005-2009: Директор на Школата за технологија и менаџмент, на Политехничкиот Институт во Гуарда (IPG);
- 2000-2004: Директор на Школата за технологија и менаџмент, на Политехничкиот Институт во Гуарда (IPG);
- 1989-2012: Асистент Школата за технологија и менаџмент, на Политехничкиот Институт во Гуарда (IPG);
- 1988: Финансиски директор на „Pavicentro-Pré-fabricados em Betão", Авеиро, Португалија.

Автор е на многу публикации од областа на економијата, иновациите и претприемништвото, како и од областа на регионалниот развој.

Согласно неговите достигнувања кои имаат значителен придонес на развојот на научната мисла и образование, Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на предлог на Економскиот факултет, донесе одлука како во диспозитивот.

*Доставено до:*
- *Архива;*
- *Именуваното лице;*
- *Генерален секретар на Универзитетот.*

**РЕКТОР**
**Проф. Д-р Аце Миленковски**